РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 03-3817/1
18.09.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**



# СТУДИЈА

## за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитно радио на локално ниво, на подрачјето на Општина Неготино

# СОДРЖИНА

ВОВЕД ..... 3

ВАЖНОСТ НА НЕПРОФИТНИТЕ РАДИОСТАНИЦИ ..... 4

ЗАКОНСКА РАМКА ..... 6

ПОСТОЈНА ПОНУДА ..... 7

ПОТЕНЦИЈАЛНА ПУБЛИКА ..... 8

ЗАКЛУЧОК ..... 9

## ВОВЕД

Во јуни 2024 година до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) беше доставено Барање од заинтересирана страна за доделување дозвола за непрофитно радио кое ќе емитува програма на подрачјето на Општина Неготино.

Во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е утврдено дека пред да се објави конкурс за доделување дозвола, доколку согласно Планот за доделување и користење на радиофреквенциите се утврди дека има слободни радиофреквенции, Агенцијата ќе изработи студија со која ќе ја утврди оправданоста за објавување јавен конкурс од аспект на исполнувањето на целта на овој закон и од аспект на потребите на публиката.

Имајќи го предвид ова, на 02.07.2024 година АВМУ се обрати до Агенцијата за електронски комуникации (АЕК) и побара информација дали во подрачјето на Неготино има слободни фреквенции и, доколку има, кои се начелните технички параметри врз основа на кои ќе се изработи техничко решение за емитување радиопрограма.

На 01.08.2024 година АЕК ја информираше Агенцијата дека *„за сервисна зона – град Неготино – има можност за определување на нова фреквенциска доделба“* и дека за доделување дозвола за радио на локално ниво може да се користат следните карактеристики:

- Локација на предавател: Серта;
- Ефективна иззрачена моќност: 300W;
- Фреквенција: 91.7 MHz.

## ВАЖНОСТ НА НЕПРОФИТНИТЕ РАДИОСТАНИЦИ

Непрофитните медиуми, односно медиумите на заедницата се многу важни за обезбедувањето на медиумскиот плурализам. Покрај постоењето на јавниот и приватниот сектор, од посебна важност е да се обезбедат услови за развој на овој т.н. трет сектор, поради тоа што медиумите на заедницата обработуваат теми за коишто вообичаено нема простор во програмите на комерцијалните медиуми. Покривајќи теми коишто се релевантни за заедницата, овие медиуми придонесуваат за општествениот, економскиот и културниот развој на заедницата, поттикнуваат дебата, го олеснуваат учеството на членовите во заедницата, овозможуваат да се слушнат гласовите на маргинализираните делови на заедницата. Тие претставуваат дополнување и алтернатива на комерцијалниот и на јавниот медиумски сектор, а главни нивни карактеристики се одговорноста кон заедницата, вклученост на граѓаните и фокус на локалните теми и прашања.

Важноста на непрофитните медиуми и нивната улога за развојот на демократијата е препознаена и во европски документи. Советот на Европа во Препораката CM/Rec(2018)1 за плурализам во медиумите и транспарентност на медиумската сопственост препорачува *„Земјите членки треба да го охрабрат и поддржат формирањето и функционирањето на малцински, регионални, локални и непрофитни медиуми на заедниците, вклучувајќи и со обезбедување на финансиски механизми со цел да се поттикне нивниот развој. Таквите независни медиуми им даваат глас на заедниците и поединците за теми од важност за нивните потреби и интереси, и на тој начин помагаат во креирањето јавна изложеност на темите кои можеби не се застапени во главните медиуми, и во олеснувањето на инклузивните и партиципаторните процеси на дијалог во и помеѓу заедниците и на регионално и локално ниво“*[1].

Во студијата „Медиуми на заедницата – придонес кон граѓанската партиципативност“[2] од 2022 година, Советот на Европа ја препознава вредноста на медиумите на заедницата како извор на локална содржина, културна и јазична разновидност, медиумски плурализам, социјална инклузија и интеркултурен дијалог.

---

[1] Совет на Европа „ Препорака CM/Rec(2018)1 за плурализам во медиумите и транспарентност на медиумската сопственост“, достапно на: 1680790e13 (coe.int), пристапено на 28.08.2024 година

[2] Совет на Европа „Медиуми на заедницата – придонес кон граѓанската партиципативност“, 2022 година, достапно на 1680a94cd5 (coe.int), пристапено на 28.08.2024 година

Во 2023 година, Центарот за медиумски плурализам и медиумска слобода ја објави сеопфатната анализа на податоците од Мониторот на медиумски плурализам за периодот од 2020 до 2023 година „Локалните и медиумите на заедницата во Европа“[3], во која посочува дека концептот „заедница“ треба да се толкува пошироко и дека тој може да се однесува *„на заедница на одредено географско подрачје или пак на заедница на интереси базирани на заеднички идентитет или искуства“.*

Важната улога на медиумите на заедницата за јакнење на културната и јазичната разновидност, општествената вклученост и локалните идентитети на специфичните општествени групи, како и за интеркултурниот дијалог е потенцирана и во Резолуцијата за медиумите на заедницата во Европа[4], што во 2008 година ја донесе Европскиот Парламент. Во оваа Резолуција медиумите на заедницата се дефинирани како непрофитни медиуми, во сопственост на заедницата, кои се одговорни пред заедницата на која и служат, како и дека тие се отворени за учество во креирањето на програмските содржини од страна на членовите на заедницата.

Во 2009 година, Комитетот на министри на Советот на Европа ја донесе Декларацијата за улогата на медиумите на заедницата за промовирање на општествената кохезија и интеркултурниот дијалог[5], во која ја нагласи потребата да се креира законска рамка која ќе овозможи препознавање и развој на третиот медиумски сектор, како и соодветен начин на кој ќе ја вршат својата општествена функција. Советот на Европа посочи дека е пожелно да се препознаат општествените вредности на медиумите на заедницата и да се испитаат можностите за обезбедување средства за поддршка на овој сектор.

---

[3] ЦМПМФ „Локалните и медиумите на заедницата во Европа“, 2023 година, достапно на Local and community media in Europe - Publications Office of the EU (europa.eu), пристапено на 28.08.2024 година

[4] Европски Парламент „Резолуција за медиумите на заедницата во Европа“, достапно на: Texts adopted - Community Media in Europe - Thursday, 25 September 2008 (europa.eu), пристапено на 28.08.2024 година

[5] Совет на Европа, „Декларација за улогата на медиумите на заедницата за промовирање на општествената кохезија и интеркултурниот дијалог“, достапно на: Decl(11/02/2009) (coe.int), пристапено на 28.08.2024 година

## ЗАКОНСКА РАМКА

Македонската медиумска регулатива ги препознава медиумите на заедницата како трет сектор во радиодифузијата. Во членот 65 од ЗААВМУ е утврдено дека радиодифузер може да биде трговско радиодифузно друштво, јавно радиодифузно претпријатие или непрофитна радиодифузна установа.

Во врска со сопственоста на овие медиуми, во истиот член е утврдено и дека тие можат да бидат основани само од страна на образовни, културни и други установи и здруженија на граѓани и фондации.

Непрофитен радиодифузер може да биде само радиостаница, и тоа со цел за да се задоволат потребите и интересите на специфични целни групи.

ЗААВМУ уредува и неколку важни аспекти за непрофитните радиостаници, и тоа: тие се должни дневно да емитуваат најмалку четири часа програма; дозволата за емитување програма им се доделува за временски период од девет години, со можност за продолжување на истата; имаат најнизок коефициент при пресметувањето на надоместокот за дозволата за емитување; не е дозволено да емитуваат реклами во програмите; не е дозволено да користат телефонски услуги со додадена вредност.

Во 2015 година, Агенцијата изработи „Концепт за развој на непрофитните радиодифузни установи“[6], во кој посочи дека целта на овие медиуми е да „*им излезат во пресрет на специфичните информативни потреби на помали заедници кои ги спојува некаква заедничка одлика – идентитет, интерес, живот на одредено географско подрачје, а на кои не е одговорено ниту преку програмите на јавниот радиодифузен сервис, ниту пак преку програмските сервиси на трговските радиодифузни друштва*“.

---

[6] АВМУ, „Концепт за развој на непрофитните радиодифузн установи“, 2015, достапно на: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2024/07/Koncept_za_razvoj_na_neprofitnite_R._ustanovi.pdf, пристапено на 28.08.2024 година

## ПОСТОЈНА ПОНУДА

Дозвола да емитува програма на подрачјето на Општина Неготино има само едно локално радио – Трговското радиодифузно друштво РАДИО ПУЛС ДООЕЛ Кавадарци. Тоа е музичко-говорно радио од општ формат[7], кај кое 8% од вкупно емитуваната програма во текот на неделата се говорни содржини, а 92% се музика.

Според програмскиот концепт[8] што оваа радиостаница го доставила во Агенцијата при доделување на дозволите во 2014 година, во текот на една недела таа треба да емитува вкупно 12 часа и 30 минути говорна содржина, од кои пет часа информативна програма, два часа образовна програма и пет часа и триесет минути забавна програма.

Само 40% од говорниот дел, односно пет часа во текот на неделата, како што е наведено во програмскиот концепт, ќе бидат програми што третираат настани, информации и други содржини од значење за подрачјето во кое се емитува програмскиот сервис.

Според податоците од Извештајот за спроведување на обврските утврдени во дозволата за радиоемитување (бр.03-1554/1 од 29.03.2024 година), во 2023 година радиостаницата Пулс емитувала говорни содржини колку што пријавила во програмскиот концепт, односно точно 12 часа и 30 минути.

Оваа радиостаница навела дека во 2023 година емитувала само две програмски содржини во кои се третираат настани, информации и други содржини од значење за подрачјето на Неготино. Станува збор за емисијата „Актуел“ која има информативна функција и емисијата „Спорт рапорт“ која има забавна функција.

[7] Според Правилникот за форматите на програмските сервиси на радиодифузерите, музичко-говорни радија од општ формат се програмски сервиси кај кои емитуваната музика е од различни музички жанрови и ниту еден од нив не е застапен со повеќе од 70% во вкупно емитуваната музика во текот на една седмица. Правилникот е достапен на веб страната на Агенцијата на следниот линк: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/06/Pravilnik_za_formatite_na_programskite_servisi.pdf

[8] Програмскиот коцепт на радиото е достапен на следниот линк: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/05/Radio_Plus_negotino.pdf

## ПОТЕНЦИЈАЛНА ПУБЛИКА

Според Пописот од 2021 година, вкупниот број на жители на територијата на Општина Неготино изнесува 18,194[9] лица, од кои 9,149 се мажи и 9,045 се жени. Населението на возраст од 50 до 54 години е најбројно и изнесува 1,357 лица. Речиси ист број на жители имаат и старосните групи од 40 до 44 години (1,328 лица), од 55 до 59 години (1,318 лица) и од 60 до 64 години (1,334 лица).

**Број на население според старосни групи од по пет години**




Според етничката припадност, 86% од населението се Македонци.

Во апсолутни бројки, структурата на потенцијалната публика е следна: 15,698 Македонци, 493 Роми, 349 Турци, 344 Срби, 42 Албанци, 14 Власи, 1 Бошњак и 252 лица се припадници на други заедници. Етничката припадност на останатите 1,001 лице не е утврдена со пописот.

[9] Податоците се достапни на веб страницата на Државниот завод за статистика, на следниот линк: https://www.stat.gov.mk/publikacii/2022/POPIS_DZS_web_MK.pdf

## ЗАКЛУЧОК

Наодите од оваа студија покажуваат дека **постои оправданост за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за непрофитно радио на локално ниво на подрачјето на Неготино,** и тоа:

- целна група на радиодифузерот треба да биде локалното население на подрачјето на Општина Неготино;
- јазикот на кој ќе се емитува говорниот дел од програмскиот сервис да биде македонски;
- најмалку 10% од вкупно емитуваната програма во текот на неделата да бидат говорни содржини;
- најмалку 70% од говорните содржини треба да бидат содржини кои се од специфично и релевантно значење или интерес за населението на локалното подрачје – важни сервисни информации, информации за случувањата во подрачјето, содржини што ќе обработуваат локални теми од областа на културата, спортот, економијата, екологијата и друго, и ќе овозможат вклученост и дебата на граѓаните.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**